**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

# П Р О Г Р А М А

## ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ВО ОБЛАСТА НА РАЗВОЈОТ НА ИНФОРМАТИЧКО- КОМУНИКАЦИСКАТА ТЕХНОЛОГИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

**КРИВА ПАЛАНКА**
**2025 година**


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 14 став 1 точка 39 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 09.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичко-комуникациската технологија за 2026 година**

## I. Развојни приоритети и цели

Програмата за развој на ИКТ е креирана во согласност со националните ИКТ стратегии и Родово одговорна стратегија за одржлив развој на Општина Крива Паланка 2022-2027 и претставува продолжување на политиката на Општината во делот на ИКТ од претходните години, односно надградба и усовршување на досегашните постигнувања во насока на ефикасна, лесно достапна и транспарентна општина со висок квалитет на услуги за граѓаните, граѓанките и бизнисите.

Целта на програмата е да се овозможи ефикасно и транспарентно работењето на администрацијата, да се подобри квалитетот и достапноста на услугите, а вооедно да се намалат трошоците со оптимално користење на информатичките и комуникациските технологии.

## II. Проектни активности

Проектните активности се во согласност со законските норми и прописи, националните ИКТ стратегии и Родово одговорна стратегија за одржлив развој на Општина Крива Паланка 2022-2027.

## III. Подобрување на информатичко –комуникациската инфраструктура

Општина Крива Паланка ги следи сите новини и измени во делот на примената на ИКТ во работењето на општинската администрација. Во наредниот период се планира набавка на нов хардвер согласно потребите на Општината и замена на постојниот кој е стар и дотраен. Согласно потребите ќе се изврши надоградба и набавка на нови апликативни решенија за непречено одвивање на административните процеси во Општината и испорака на квалитетни услуги за граѓаните.

**IV. Одржување на апликации и хостирање**

Општина Крива Паланка во своето работење користи апликации од трети лица, како и услуги за хостирање, за чие непречено функционирање е предвидено тековно одржување во 2026 година.

**V.Тековно одржување и надградба на хардвер, софтвер и мрежна инфраструктура**

Општина Крива Паланка располага со сервери, десктоп компјутери, преносни компјутери, мултифункциски уреди, принтери и мрежна инфраструктура за кои е предвидено тековно одржување за овозможување на непречено функционирање на службите чие работење е поврзано со користење на ИКТ.

**Бр.09-6407/19**
**09.12.2025 година**

**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Претседател**
**Миле Трајковски**

## АКЦИСКИ ПЛАН

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 1 | **Подобрување на информатичко-комуникациската инфраструктура** | | | |
| АКТИВНОСТИ | **ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД** | **РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТА** | **БУЏЕТ МКД** |
| 1.1 Набавка/изнајмување на хардвер, софтвер и лиценци | Континуирано 2026 | -Модернизирање на хардверската и софтверската инфраструктура<br>-Испорака на квалитетни услуги за граѓаните и граѓанките | Одделение за поддршка на градоначалникот, односи со јавноста и информатичка технологија | 2.500.000 |
| 2 | **Одржување на апликации и хостирање** | | | |
| АКТИВНОСТИ | **ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД** | **РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТА** | **БУЏЕТ МКД** |
| 2.1 Одржување на апликации од трети лица, хостирање, домен (marnet / edusoft / aspect / mbs…) | Континуирано 2026 | -Непречено одвивање на административните процеси во Општината | Одделение за поддршка на градоначалникот, односи со јавноста и информатичка технологија | 750.000 |
| 3 | **Тековно одржување и надградба на хардвер и софтвер и мрежна инфраструктура** | | | |
| АКТИВНОСТИ | **ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД** | **РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТА** | **БУЏЕТ МКД** |
| 3.1 Тековно одржување и надградба на хардвер, софтвер и мрежна инфраструктура | Континуирано 2026 | -Непречено функционирање на службите чие работење е поврзано со користење на ИКТ | Одделение за поддршка на градоначалникот, односи со јавноста | 1.400.000 |



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | и информатичка технологија | |
| | | | **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **4.650.000** |

Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2026 година.



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка